# ЗАПИСНИК
## од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.11.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Ајдини имаше забелешка во врска со преводот на предложениот Дневен ред за 35-та седница на албански јазик, за што претпостави дека станува збор за техничка грешка. Објасни дека во Точка 1, бројот „34“ треба да биде членуван и да гласи „34-të“.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.09.2023 година.
2. Разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јули до 30 септември 2023 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ВИНСАТ КАБЕЛ од Виница, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.09.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јули до 30 септември 2023 година, објасни дека Советот само ги разгледува и не гласа по нив, за да членовите бидат во тек со работата на Агенцијата.

Советот немаше забелешки во однос на содржината.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот ВИНСАТ КАБЕЛ од Виница, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека при редовен програмски надзор направен на 31.10.2023 година констатирано е дека овој оператор го реемитува програмскиот сервис „Super RTL" без претходно да биде регистриран во Агенцијата. Оттука се предлага изрекување мерка јавна опомена затоа што операторот првпат оваа година го прекршува овој член од ЗААВМУ и да му се наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со Законот, односно да го исклучи програмскиот сервис.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3948/1 од 31.10.2023 година и едногласно заклучи на Трговското друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво кабелска телевизија ВИНСАТ КАБЕЛ ДОО Виница, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 26.10.2023 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Super RTL" кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4035/3

10-11. **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**